# Оглас за работни ангажмани на определено време на проектот „Иновативен Еко-Систем во областа на прекуграничната соработка“

Со цел успешна имплементација на проектот „Иновативен Еко-Систем во областа на прекуграничната соработка“, Фондот за иновации и технолошки развој има потреба од ангажирање на лица за следниве позиции:

- научен соработник за координација (Scientific Staff Liaison Officer Ohrid)
- главен соработник за иновациски хаб (Senior Innovation Hub Officer Ohrid)

Заинтересираните се поканувaат да ги достават своите работни биографии на англиски јазик кои покрај се треба да содржат преглед кој ја потврдува нивната квалификуваност за наведените барања.

Изразениот интерес, со работна биографија, мотивациско писмо и сите други релевантни документи во прилог, потребно е да се доставaт најдоцна до 13 март 2019 година, до 16:30 часот на следнава адреса:

ГТЦ лок. 6, Д.Е 220, 1000 Скопје

Република Северна Македонија

За навремено пристигнати апликации ќе се сметаат и оние кои се испратени по поштенски пат со доказ за испраќање пред истекот на горенаведениот рок.